**ПЛАТФОРМА(а) за современи изведувачки уметности**
**ПРОГРАМА на Локомотива и Кино Култура**
**ПЛАТФОРМА(а) програма во октомври 2016**
**26 – 30 / 10 / 2016 во Кино Култура**




ПЛАТФОРМ(а) е нова програма на Локомотива како дел од Кино Култура - простор за современи изведувачки уметности и современа култура и претставува еден чекор напред во нашите напори за поттикнување на развојот на современите изведувачки уметности во Македонија.

Локомотива последните осум години го организираше Локомоушн-фестивалот за современ танц и перформанс, но сепак, одлучи, оваа година да престане со негова организација. Причина за тоа се бројните препреки со кои се соочувавме во изминатиот период, меѓу останатите и постоечките финансиски тешкотии како и субстандардните работни услови, кои сериозно ја попречуваат можноста стратешки да се планира и создава програма, што не принудува да дејствуваме тактички и да реагираме брзо.
Поради тоа, дојдовме до одлуката за проширување на форматот на фестивал во континуирана програма на *Платформ(а) за современи изведувачки уметности* која ќе ни овозможи тактичко планирање и акција, како и презентација -кога ќе биде возможно- на различни активности во полето на современите изведувачки уметности во период од една година.

ПЛАТФОРМ(а) е програма која може да се разбере како механизам, кој има намера преку различни тактички акции да го зачува просторот за современи изведувачки уметности, кој во Македонија полека исчезнува, насочувајќи се кон искуството на настан, политики на презентација, како и дискусија околу современите изведувачко- уметнички референци, концепти, моделите на презентација, кураторските модели, како и теоретските и филозофски идеи, позади нив.

ПЛАТФОРМА(а) во месец октомври ќе се оддржи **од 26 до 30 октомври 2016 година**

**ПРОГРАМА/26-30 ОКТОМВРИ/КИНО КУЛТУРА**

:: 26 ОКТОМВРИ 2016 ::

- 20:00 **Иднината прочитана во Бетон и Камен/претстава**

/60-75 мин/



Во 1917г. во пресрет на Октомвриската револуција, Владимир Илич Ленин, во едно од неговите дела тврди дека единствениот начин да се остане верен на револуцијата е таа да се третира како уметност. По оваа мисла авторите на „Иднината прочитана во Бетон и Камен", ги истражуваат и читаат југословенските споменици на Народноослободителната борба, како еднакви остатоци на револуција и координати на ново општество.

*Иднината прочитана во Бетон и Камен* е перформанс/структура создадена на основа на покани: покана да се замислува, покана да се погледне и дешифрира општеството и на крај-покана физички да се вклучи во колективна телесна интелегенција. Овој перформанс е поглед во комунистичката уметност на 20ти век, патување до партизанските шуми во Југославија, пикник во Козара, Сутјеска и Кадињача, доброволна работна акција за градење на иднината преку привремени и потенцијални искуства на тетарот.

**концепт**: Бојан Џорџев,

**во соработка со**: Селма Банич, Фернандо Белфиоре, Синиша Илич, Дамјан Кецојевич, Ола Мациејевска, Катарина Поповиќ, Манолис Тсипос

**продуцент**: Драгана Јововиќ / фотографија на локациите: Иван Хркаш / едитирање на видео: Јелена Макцимовиќ / звук на видео: Јаков Мунижаба / советник за костими: Маја Мирковиќ / ПР: Милица Шеварлич и Јелена Кнежевиќ / продукцијата во име на Младински културен центар Белград: Марта Маркович / техничка реализација-светло: Милош Васич / звук: Иван Чопиќ / видео: Бранко Бањанин

**изведба**: Селма Банич, Бочан Џорџев, Дамјан Кецојевиќ и Ола Мациејевска

**продукција**: Walking Theory, DasArts, ко-продукција: Младински културен центар Белград; Локомотива-Центар за нови иницијативи во уметноста и културата преку Номад танц академија и европскиот проект Life Long Burning.

**Финансиска поддршка**: Министерство за култура и информации на Република Србија, Европска Унија-програма на Култура.

Перформансот на Платформ(а) се реализира во соработка со Факултетот за работи што не се учат во рамки на програмата на Кооператива-регионална платфомра за култура и Фридрих Еберт Фондација-Канцеларија Скопје. Платформ(а) се реализира во рамките на проектот Кино Култира-простор за современи изведувачки уметности и современа култура, поддржано од Општина Центар.

- 21:45 **Критичко Време/дискусии организирани во рамките на програмата Критичка пракса (Critical practice_Made in Yu project)**

:: 27 ОКТОМВРИ 2016 ::

- 11:00-13:00 **Критичка пракса (Critical practice_Made in Yu project)/работна сесија од затворен карактер**

- 20.00 **Празен глас/претстава**

/60-75 мин/

Во претставата „Празен глас" изведувачите со попречен развој се претставуваат

директно преку раскажување на своите лични приказни, сеќавајќи се на своите спомени, споделувајќи ги своите интимни признанија и изрази за својата попреченост, презентирајќи ја нивната состојба како социјална конструкција, со што покануваат на неопходното ослободување на можноста за различно социјални односи.



Сцените во овој перфроманс се создадени со цел да отворат едно ново ниво на комуникација помеѓу изведувачите и публиката и тоа преку говор на еден од изведувачите со попречен развој, преку нивниот заеднички разговор и дискусија со публиката.

**Изведба**: Наталија Владисављевиќ, Горан Гостоиќ, Маријана Шугиќ, Снежана Булатовиќ, Дејан Шуљан, Марина Сремачки, Марко Башица, Вук Вукович, Беата Перге, Бојана Стојановиќ, Михаило Петровиќ, Далибор Шандор, Андреј Ненадов, Дуња Црњански, Фросина Димовкса и Саша Асентиќ



**Концепт**: Саша Асентиќ
**Режија**: Саша Асентиќ и Оливера Ковачевиќ-Црњански
**Асистент на режија**: Фросина Димовска
Дизајн на сцена и костим: Наташа Мурге Савиќ
Дизајн на светло: Тихомир Бороја
Соработници: Татјана Туцич, Дуња Црњански и Андреј Ненадов
Техничар на звук: Предраг Петрушевски

**Партнери**: Национален театар на Србија, Училиште „Милан Петрович“ и Erste банка
**Продукција**: Per.Art – Art и Inclusion Programme 2013
Перформансот на Платформ(а) се реализира во соработка со НВО Сината птица и е поддржан од Еуростандард банка А.Д Скопје, Осигурување Македонија а.д. Скопје - Виена Иншуренс Груп и Фридрих Еберт Фондација-Канцеларија Скопје. Се заблагодаруваме на поддршката на Хотел Мериот Скопје.

- **21:45 Критичко Време/дискусии организирани во рамките на програмата Критичка пракса (Critical practice_Made in Yu project)**

**:: 28 ОКТОМВРИ 2016 ::**

- **11.00 Презентација на Per.Art**

Per. Art е независна оргазниција активна во полето на современите изведувачки уметности во Србија. Од 1999, програмата „Уметност и инклузија“ на организацијата Per.

Art вклучува луѓе со попречен развој, уметници, специјални едукатори, културни професионалци, архитекти и студенти.
Главната цел на програмата „Уметност и инклузија" е продукција на уметнички проекти, во кои луѓето со попречен развој имаат активна улога како автори, ко-автори и изведувачи, како и промоција на нивната работа на еднакво ниво во локалната и интернационалната сцена во полето на современите изведувачки уметности.

- **11:00-13:00 Критичка пракса (Critical practice_Made in Yu project)/работна сесија од затворен карактер**

- **20.00 „Зачувај го танцот" кампања/Сабрина Железник и Климент Попоски**




Перформансот „Зачувај го танцот" кампања се справува со моменталната позиција на современиот танц во полето на уметностите. Ние го преиспитуваме тоа од различни перспективи, како што и ние споделуваме различни професионални позадини. Од историската перспектива може да се тврди дека современиот танц преживеа многу промени и еволуираше до точка до каде што тоа е речиси само ментална активност, па дури и целосно концептуална. Но, сепак денес можеме да се сретнеме со речиси секој облик или техника на современ танц што некогаш постоел. Митолошки, танцот бил создаден за славење на боговите. А сепак, исто така денес е една од најретките активности кадешто луѓето останувaат примитивни и профани. Од социјална перспектива, современиот танц е едно од формите на социјална интеракција, каде индивидуалците можат да ја задржат својата индивидуалност додека остваруваат интеркација во група. Сепак, единствениот начин на кој можеме вистински да го зграбиме значењето на танцот е да се препуштиме на него.
https://www.facebook.com/events/1138640686190328/

**Автори и изведба**: Сабрина Железник и Климент Попоски
**Сабрина Железник**, родена во Цеље, 1988 година. Со 6. години станав член на 'Plesni Forum Celje', се до 2012. година. Покрај многуте достигнувања на национално и меѓународно ниво во полето на современиот танц, бев и активна во полето на театарот. По завршувањето на Културолошките студии на Универзитетот Љубљана, се приклучив на компанијата Исомнија, која работи под раководство на кореографката Gisela Fantacuzzi. Во последните неколку години работам како перформер, водам работилници за современ танц и креирам сопствени кореографии. Неодамна завршив со магистерските студии 'Master of Theatre practices' во Арнхем, Холандија, како целосен стипендист на Министарството за култура Словенија. Моментално базата на седиште и креирање ми е во Скопје, каде сум членка на организацијата Локомотива и активно придонесува во локалната културна сцена http://sabrinazeleznik.weebly.com
**Климент Попоски** е роден во Македонија, но во 1990 година, заедно со својата фамилија се преселува во Австралија. По завршувањето на The National Theatre Drama School, тој

пронаоѓа сосема нов свет. Климент има работено на неколку сценски продукции и изведува во независни театарски продукции во Австралија.
Во 2008 година, Климент се враќа во Македонија реализирајќи турнеја со неговата монодрама 'Аџија'. Монодрамата се фокусира на неговото крос-културно искуство и се занимава со прашањата на имиграцијата. Учествувал во едукативната програма на НОМАД танц академија во 2010 година. Климент се враќа во Македонија каде што продолжува да работи во полето на уметноста како слободен уметник и активен член на Локомотива и Номад танц академија Македонија. За повеќе информации ве молиме посетете ја веб страната: http://kliment7.wix.com/klimentpoposki

Перформансот е поддржан во рамките на проектот Кино Култура-простор за современи изведувачки уметности и современа култура, поддржано од Општина Центар и ко-продуцирано во рамките на европскиот прокет Life Long Burning преку Локомотива како претставник на Номад танц академија и во рамки на проектот Дисонантни Ко-простори поддржан од Балкански фонд за култура и уметност (BAC).

- **21:00 Свечен настан/ ТЕЛЕМАМА/ концерт перформанс**



Свечениот настан на Телемама е концертен перформанс. Неговиот изглед и содржина сублимира неколку елементи од школските изведби насоцијалистичката ера, во кои авторот учествувал за време на нејзиното детство заедно со многу од нејзините колеги-соученици. Во рамките на таа релативно конзервативна mise-en сцена, таа пее свои песни, изведени на укулеле. Нивната главната тема е тековната авторитарна политичка слика на Македонија и позицијата на индивидуата во тоа.

**Драгана Заревска** (1985) е визуелен уметник, која работи со раскажување на приказни, како и перформанс. Има работено во уметнички резиденции во AIR Krems (Австрија), SITE (Стокхолм), Trafo (Будимпешта), Ausland(Берлин), Les Laboratoires d'Aubervilliers (Париз), Kultura Promjene(Загреб), BUDA Kortrijk (Белгија), WorkspaceBrussels (Брисел), итн. Таа е една од наградените уметници на ResArtis на BJCEM (Биенале на млади уметници во Европа и на Медитеранот) во 2009. Таа има соло и групни изложби во Македонија (OGS, MSU, CK, Акто, итн), Србија (Remont Gallery, Elektrika gallery), Сараево (Турски културен Центар), Љубљана(SKUC), Берлин (BarProjektraum)итн. Заедно со Јасна Димитровска работат како перформанс-дуо Епфемерки од 2011.
Перформансот е поддржан во рамките на проектот Кино Култура-простор за современи изведувачки уметности и современа култура, поддржано од Општина Центар

- **22:30 Критичко Време/дискусии организирани во рамките на програмата Критичка пракса (Critical practice_Made in Yu project)**

**:: 29 ОКТОМВРИ 2016 ::**

- **11:00-13:00 Критичка пракса (Critical practice_Made in Yu project)/работна сесија од затворен карактер**

- **18:30-19:30 Презентација на работата на Леви Гонзалес и Мариана Валенсиа, гости од САД, како дел од програмата GPS**

Во рамки на GPS проектот на соработка помеѓу САД и Источна Европа во полето на современиот танц и перформанс, Локомотива и Факултетот за музичка уметност (претставено од  Биљана Тануровска- Ќулавковски и Искра Шукарова), ќе бидат домаќини на двајца уметници, базирани во Њујорк - Леви Гонзалес и Мариана Валенсиа.
Леви ќе споделува дел од неговото тековно уметничко истражување во формат на перформанс/предавање, како и неформално споделување на неговата долга историја со организацијата базирана во Њујорк-Movement Research, влијанието кое го имала врз него како и заедниците кои ги опфаќа. Тој исто така гледа позитивно на можностите да биде во студио заедно со други уметници и да споделува креативна пракса и дијалог.
Мариана ја истражува нејзината перформативна работа од дневникот на лични наративи кои опфаќаат етнографија, мемоари и обзервирање на нејзините крос-културни идентификатори. Таа гледа кон историјата на урбани простори и ги става во реалција со нејзините искуства со приградските населби, селата и замислените површини. Од овие обзервации кои се фактички, хумористични и серизони, Мариана ја отцртува рамката од каде што  таа се идентификува. Пребарувачкиот корен на Мариана во овие изведбени текстови е „Јас не сум сигурна кој ќе ја напише историјата за мене; па затоа јас ја започнувам сега, за подоцна да имаат добри белешки“. Таа ги изведува овие вињети во форма на албум - како описни слики и како музички албум – за да ја информира публиката која е таа и зошто. Ова дело создрава експресивен лак кој ги поврзува текстот, танцот и песната.
Презентацијата на Леви Гонзалес и Мариана Валенсиа се реализира во рамките на програмата Критичка Праска и Платфом(а), а тие се на резиденција Скопје, со поддршка од GPS/Global Practice Sharing ко-организирана од Искра Шукарова и Биљана Тануровска Ќулавковски. Презентацијата е поддржана во рамките на проектот Кино Култура-простор за современи изведувачки уметности и современа култура, поддржано од Општина Центар.

- **19:30-21:00 Презентација на Искра Шукарова/ФМУ-УКИМ**

Вондреден професор д-р Искра Шукарова во оваа сесија ќе ја презентира својата работа, како еден од основачите на современата танцова сцена во Македонија. Шукарова како кореограф ќе ги сподели нејзините искуства поврзани со танцовата пракса и теорија, преку нејзината работа со Ана Вујановиќ, со која имаат реализирано неколку соработки во релацијата кореограф/драматург.
Презентацијата на Искра Шукарова се реализира во рамките на Critical practice_Made in Yu project

- **21:00 Проекција на филм: City lights by Charlie Chaplin со музика за филмот од Дарко Јорданов/Дј-сет**

Дарко Јорданов е активен како Дј од почетокот на 90ти. Неколку години подоцна се придружува на ПМГ Колектив, музички соработник во Канал 103  и многу добар човек!
Презентацијата е поддржана во рамките на проектот Кино Култура-простор за современи изведувачки уметности и современа култура, поддржано од Општина Центар.

**:: 30 ОКТОМВРИ 2016 ::**

- **20:00 РАЈСКА ГРАДИНА/танцова претства**

/60 минути/
„РАЈСКА ГРАДИНА“ ги поставува еден до друг два света кои се истовремено присутни помеѓу изведувачот и публиката.  Моментот на „сега и тука“ на театарското среќавање е во судир со царството на слики кои лебдат во тие простори, во надворешноста и во меѓупросторот на телата. Работејќи со овие слики преку фигурата на кловн „РАЈСКА ГРАДИНА“ ги судира спротивностите ги покажува парадоксите разиграно со смисла за хумор. „РАЈСКА ГРАДИНА“ не е блажена состојба на мирување. „РАЈСКА ГРАДИНА“ е место на лекување со нож/жилет.

*Ако чувствителноста беше концентрирана на суштината, или ако се свртe кон крајно имагинативното, како ќе изгледа, ќе ја запомнам ли како ваква?*

*Џо Келехер*

**Концепт, креација и изведба**: Мала Клине
Простор, светло и дизајн на костум: Петра Вебер / Музика: Ален и Ненад Синкауз (East Rodeo) / Музички аранжман и музика во живо: Лука Ропрет / Дизајн на звук и Feedback: Сашо Калан.
Асистенција: Луција Баришиќ и Адриана Јосиповиќ / Советување: Андреа Божиќ, Guy Cools / Асистент за дизајн на костуми: Аманда Капиќ / Технички директор: Зоран Грабарац
**Продуцент**: Жига Предан.
**Продукција**: Pekinpah & E.P.I. center, Ко-продукција: DasArts Amsterdam, Kino Šiška, Student Center Zagreb – Culture of Change – Theater &TD, Tanzquarter Wien, EN-KNAP / Španski borci
**Поддршка**: modul-dance, Министерство за култура на Словенија, Министерство за наука, култура и спорт на Словенија, Град Љубљана; Со поддршка од Програмата Култура на ЕУ во рамките на проектот modul-dance проектот [www.modul-dance.eu](www.modul-dance.eu)



**НАГРАДИ И НОМИНАЦИИ**
Награда од публика за Најдобра изведба, Гибаница 2013 - Платформа за современ танц Словенија
Награда Ксенија Хрибар за Кореографија, Гибаница 2013 - Платформа за современ танц Словенија
Награда од публика за Најдобар кореограф, Teatar.hr 2013 - номинирани
Награда од публика за Најдобра изведба, Teatar.hr 2013 – номинирани
Кратко видео / [https://www.youtube.com/watch?v=sCbXp8iZcVM](https://www.youtube.com/watch?v=sCbXp8iZcVM)

Перформансот на Платформ(а) се реализира во поддршка од Осигурување Македонија а.д. Скопје - Виена Иншуренс Груп и Фридрих Еберт Фондација Канцеларија Скопје.

- 21:15 **Критичко Време/дискусии организирани во рамките на програмата Критичка пракса (Critical practice_Made in Yu project)**

**Програмата на Платформ(а) октомври е креирана во соработка помеѓу** Биљана Тануровска Ќулавковски, Виолета Качакова, Климент Попоски, Сабрина Железник, Елена Ристеска, Павле Игновски, Филип Јовановски, Ивана Васева и Софија Гошева Чоланчевска.
Програмата на Платформ(а) **ќе се одвива во Кино Култура**-простор за современи изведувачки уметности и современа култура.

***

Програмата на Платформ(а) октомври ја вклучува програмата **Критичка Пракса (Critical practice_Made in Yu project)**
Третиот циклус на програмта Критичка пракса (Critical practice_Made in Yu) за критичари кои се бават со современ танц, кои после средбите во Скопје, Берлин и Белград ќе ја реализираат четвртата средба во рамките на програмата на Платформ(а) во Скопје, 26-30 Октомври 2016.
Повеќе за програмата: http://criticalpractice-madeinyu.info/
**Учесници:** Александра Балона (Португалија), Насија Фортуни (Грција), Александар Георгиев (Македонија), Нина Гојиќ (Хрватска), Ана Летуниќ (Хрватска), Елен

Содерхулт(Шведска), Матеуш Зумановка (Полска), Анико Шутз (САД/Унгарија, во соработка со Tisch School, Њујорк)
**Партнери**: Локомотива- Центар за нови иницијативи во уметноста и културата, Станица-Сервис за современ танц и Тала танцов центар (како претставник на Платформата Номад танц академија), Уферстудиос Берлин и Tisch School, Њујорк.
**Ментор на програмата**: Ана Вујановиќ
**Координатори на програма**: Маријана Цветковиќ и Биљана Тануровска Ќулавковски
Програмата се реализира како дел од европскиот проект **Life Long Burning** www.lifelongburning.eu, поддржан од Програмата Култура на Европска Унија.
Програмскиот циклус 2016 е исто така реализиран во соработка и со поддршка на Alianz Cultural Foundation.

***

**Организатор** на ПЛАТФОРМ(а) е Локомотива-Центар за нови иницијативи во уметноста и културата во соработка со Театар на Навигаторот Цветко преку проектот КИНО КУЛТУРА-простор за современи изведувачки уметности и современа култура.
**Партнери**: Факултет за работи што не се учат (Faculty of things that cant' be learned) и Сината Птица
ПЛАТФОРМ(а) е поддржана од Општина Центар преку проектот КИНО КУЛТУРА

**Програмата на ПЛАТФОРМ(а) се реализира во соработка со** Кооператива-регионална платформа за култура, Фридрих Еберт Фондација-Канцеларија Скопје, Еуростандард Банка А.Д Скопје, Осигурување Македонија а.д. Скопје - Виена Иншуренс Гру, Хотел Мериот Скопје, GPS/Global Practice Sharing и Балкански фонд за култура и уметност.